Professor Nam H. Cho currently resides in South Korea and serves as a Director of the Centre for Clinical Epidemiology at the Ajou university school of Medicine and Hospital in Suwon, Korea. He is also President-elect of the IDF, as well as Chairman of the IDF diabetes Atlas. Professor Cho Became interested in diabetes in 1984 and has developed an academic career in diabetes research that focuses on epidemiology and public health areas. He has published over 80 peer reviewed papers on diabetes. Professor Cho has served in national and international levels of diabetes organizations, making him the founder of type 1 registry in Korea, in addition to being responsible for estimating the prevalence of type diabetes for the Korean population. He served as a committee member for the IDF clinical guidelines for gestational diabetes and the IDF report on bariatric surgery. Since 2004, he has been elected twice as an executive council member of IDF-WPR and was Chair Elect of the Region in 2010-2012. Furthermore, professor Cho has served as a chairman of the Department of Preventive Medicine at Ajou University School of Medicine, and is moreover a CEO and owner of two companies since 2000.

Епидемиологија на дијабетесот и придружните ризик фактори

Дијабетесот е сериозно глобално здравствено прашање, а има повеќе од 425 милиони луѓе кои живеат со дијабетес во светот. Бројот на луѓето со дијабетес се зголемува речиси насекаде, но позначајно во Азија. Во текот на изминатите 17 години, бројот на луѓето кои живеат со дијабетес е зголемен за 274 милиони (151 милиони луѓе кои живеат со дијабетес во светот во 2000 година, сега 425 милиони, IDF Атлас 2017). Ова значи дека се поставува дијагноза за дијабетес на секои 6 секунди. Дополнителни 352 милиони возрасни лица се изложени на висок ризик од развој на дијабетес тип 2. Затоа, никој не е слободен од дијабетес и никакво место на земјата не е безбедено од дијабетес. Сепак, факторите на ризик поврзани со дијабетес не се целосно идентификувани и сè уште имаат потреба од понатамошни испитувања за подобро разбирање на болеста. Презентацијата ќе ги опфати факторите на ризик идентификувани од една тековна епидемиолошка студија што е започната во 2001 година. Оваа студија досега открила дека епи-генетските, вообичаените фактори, како и биолошките фактори играат значајни улоги како фактори за ризикот од дијабетес. Сепак, не идентификувавме ниту еден SNP кој е силно поврзан како главен ризик за дијабетес. Факторите кои се независно поврзани со ризикот од дијабетес се метаболичен синдром, живот во урбаните средини, постара возраст, фамилијарна историја на нарушена јаглехидратна толеранција, хипертензија, пушење, статусот на консумација на алкохол, функцијата на црниот дроб, нивоа на секреција на инсулин, нивоа на инсулинска резистенција и HbA1c нивоа. Како заклучок, факторите на ризик за дијабетесот се различни, а етничките варијации се евидентни и нашата студија покажаа дека еколошките и вообичаените фактори на ризик се посилни од генетските фактори за ризикот од дијабетес.

Diabetes epidemiology and associated risk factors

Diabetes is a serious global health issue, and there are more than 425 million people living with diabetes worldwide. The numbers of people with diabetes are rising almost everywhere but more significantly in Asia. Over the past 17 years, the number of people living with diabetes has increased by 274 million (151 million people living with diabetes in the world in 2000; now 425 million, IDF Atlas 2017). This means a person is diagnosed with diabetes every 6 seconds. A further 352 million adults are at high risk of developing type 2 diabetes. Therefore, no one is free from diabetes, and no place on earth is safe from diabetes. However, the risk factors related to diabetes are not fully identified and still in need of further investigation for the better understanding of the disease. The presentation will be covering the risk factors identified from an ongoing community based epidemiologic study that began in 2001. This study, so far, has revealed epi-genetics, habitual factors, and biological factors are playing significant roles as factors for the risk of diabetes. However, we have not identified a single SNP that is strongly associated as the main risk for diabetes. Those factors independently associated for the risk of diabetes include metabolic syndrome status, living in urban areas, older age, family history of diabetes glucose tolerance status, hypertension, smoking, alcohol imbibing status, liver function, insulin secretion levels, insulin resistance levels, and HbA1c levels. In conclusion, the risk factors for diabetes are diverse and ethnic variations are evident, and our study has revealed environmental and habitual risk factors are stronger than genetic factors for the risk of diabetes.



Професор Jean-Francois Gautier

Jean-Francois Gautier е професор по медицина и раководител на Одделот за ендокринологија и дијабетес во болницата Lariboisière, Париз, Франција, кој функционира од 2013-та година како мултидисциплинарен амбулантен центар посветен на дијабетес и вклучува дијабетолози, кардиолози, офталмолози, хепатолози, нефролози, гинеколози, уролози, ортопедичари, поддијатри, медицински сестри, диететичари и физички воспитувачи. Тој исто така е клинички истражувач во истражувачката група насловена како „метаболичко воспаление кај дијабетес и неговите компликации“ на Францускиот национален институт за здравство и медицински истражувања (Institut national de la santé et de la recherche médicale, INSERM U1138), Центар за истражувања на Cordelier, Париз. Главните истражувачки интереси на професорот Gautier се патофизиологијата на дебелината и дијабетесот тип 2, како и нивните компликации, пред се фокусирајќи се на епигенетското потекло на воспалението со низок степен кај овие состојби. Тој, исто така, го истражува и ефектот на интраутериното опкружување на предиспозицијата за тип 2 дијабетес и кардиоваскуларните болести, како и механизмите кои се вклучени во развојот на атипичен дијабетес - како дијабетес тип 2 подложен на кетоза, подтип на дијабетес често забележан во субсахарска Африка. Професор Gautier магистирал на Кралското медицинско училиште К(Cochin-Port Royal Medical School, René Descartes University,) во Париз, а е специјалист за ендокринологија и метаболизам од 1990 година. Докторирал во областа на хумаката исхрана, физиологија и патофизиологија од Универзитетот во Париз во 1996 година. Професор Gautier има издадено над 145 оригинални трудови и придонесол за 14 прирачници. Тој е член на Американското здружение за дијабетес (ADA), Европската асоцијација за проучување на дијабетесот (EASD) и Француското здружение за дијабетес (Société Francophone du Diabète) и општата секреторија на Фондацијата за истражување на дијабетес (FFRD) на француски јазик.

Professor Jean-François Gautier

Jean-François Gautier is Professor of Medicine and Head of the Department of Endocrinology and Diabetes at Lariboisière Hospital, University Paris 7, Paris, France in which has been settled in 2013 a multidisciplinary ambulatory centre dedicated to diabetes that includes diabetologists, cardiologists, ophthalmologists, hepathologists, nephrologists, gynaecologists, urologists, orthopaedists, podiatrists, nurses, dieticians, physical educators…He is also a clinical researcher in the research group entitled “metabolic inflammation in diabetes and its complications” at the French National Institute of Health and Medical Research (Institut national de la santé et de la recherche médicale, INSERM U1138), Cordelier Research Centre, Paris.Professor Gautier’s principal research interests are the pathophysiology of obesity and type

2 diabetes and its complications, focussing on the epigenetic origin of low grade inflammation in these conditions. He is also investigating the effect of the intrauterine environment on predisposition to type 2 diabetes and cardiovascular diseases, and the mechanisms involved in the development of atypical diabetes such as ketosis-prone type 2 diabetes, a subtype of diabetes frequently observed in Sub-Saharan Africa. Professor Gautier received his MD degree from Cochin-Port Royal Medical School, René Descartes University, Paris, and qualified as a specialist in endocrinology and metabolism in 1990. He obtained his PhD in Human Nutrition, Physiology and Pathophysiology from the University of Paris in 1996. Professor Gautier has published over 145 original papers and contributed to 14 handbooks. He is a member of the American Diabetes Association, the European Association for the Study of Diabetes, and the French Diabetes Society (Société Francophone du Diabète) and the general secretory of the French speaking Foundation for Diabetes Research (FFRD).

Улогата на епигенетиката во разбирањето на тип 2 дијабетесот

За инфламацијата (воспалителни процеси) веќе е добро познато дека игра клучна улога во развојот на тип 2 дијабетес. Навистина, покажано е дека воспалението му претходи на почетокот на тип 2 ДМ во моделите на глувци на диета предизвикана од дебелина и во поново време кај луѓето, што сугерира дека може да има предизвикувачка улога во патогенезата на тип 2 ДМ. Понатаму, воспалението придонесува за изнемоштување на дијабетичните кардиоваскуларни компликации, како што се дијабетична нефропатија и атеросклероза. Така, постојат се поголем број на докази дека хроничното воспаление игра клучна улога во дијабетесот и неговите кардиоваскуларни компликации. Иако тип 2 ДМ е високо наследна болест, кумулативните студии за целиот геном откриваат само ограничен кандидатски локус кој би ги поврзал дијабетесот и неговите компликации со генетската пре-диспозиција. Поради влијанието на интеракциите на ген-средина, епигенетските механизми, исто така, можат да играат клучна улога во патогенезата на дијабетесот и неговите васкуларни компликации. Епигенетика е дефинирана како модификација на епигенпмот без да се менува секвенцата на ДНК. Овие модификации резултираат со декомпактирање на хроматин на одредени делови од геномот кој е поврзан со повисока генска експресија и со зголемување на пристапноста на регулаторните региони на овие гени. Прогресијата на болеста може да се должи на меморијата на претходна изложеност на целните клетки до високи нивоа на гликоза и воспалителни фактори, што пак доведува до постојаност на неговите штетни ефекти преку епигенетските фактори. Во оваа презентација ќе објасниме некои епигенетски механизми и ќе ја објавиме започнатата истражувачка работа (која е сеуште во рана фаза и) која ја поврзува воспалителната состојба на дијабетес тип 2 со епигенетските промени, како и дали сето ова може да отвори нови области на биомаркери и терапевтски цели во областа на дијабетесот.

The role of Epigenetics in the understanding of diabetes

Inflammation is now well recognized as playing a key role in the development of type 2 diabetes. Indeed, inflammation has been shown to precede the onset of T2D in murine models of diet-induced obesity and more recently in humans suggesting that it might have a causative role in T2D pathogenesis. Furthermore, inflammation contributes to debilitating diabetic cardiovascular complications such as diabetic nephropathy and atherosclerosis. Thus, there are increasing evidences that chronic inflammation plays a crucial role in diabetes and its cardiovascular complications. Although T2D is a highly inherited disease, genome-wide association studies have uncovered only limited candidate loci linking diabetes and its complications to genetic pre-disposition. Because of the influences of gene-environment interactions, epigenetic mechanisms may also play a key role in the pathogenesis of diabetes and of its vascular complications. Epigenetics is defined as modifications of the epigenome without altering the sequence of DNA. These modifications result to chromatin decompacting at certain parts of the genome that is associated with a higher gene expression by increasing accessibility of the regulatory regions of these genes. Progression of the disease could be due to a memory of prior exposure of target cells to high glucose levels and inflammatory factors, leading to persistence of its deleterious effects through epigenetic factors. In this presentation, we will explain some epigenetic mechanisms and report the early work that linked the inflammatory state of type 2 diabetes to epigenetic alterations, and whether it may open new areas of biomarkers and therapeutic targets in the field of diabetes.



СЕСИЈА 4 / SESSION 4

Професор Inass Shaltout

Inass Shaltout дипломирала на Факултетот за медицина, при Универзитетот во Каиро. Таа ги стекнала нејзините магистерски и докторски титули на интерна медицина, исто така, од Универзитетот во Каиро. Ги поминала сите академски нивоа во кариерата почнувајќи како стажант, специјализант, помошник предавач, предавач по интерна медицина, доцент и професор по интерна медицина на Медицинскиот факултет при Универзитетот во Каиро, Египет. Нејзината богата биографија вклучува: Научна работа од 2004-та година како професор по интерна медицина и дијабетес, при Универзитетот во Каиро; Претседател на Секторот за интерна медицина одделение 4, Универзитет во Каиро, од 2017 година; Претседател на Арапската асоцијација за проучување на дијабетес и метаболизам; Член на Интернационалната федерација за дијабетс (IDF); Почесен тутор на дијабетес при Универзитет во Кардиф, Велика Британија; Член на Европската асоцијација за проучување на дијабетес (EASD), на Египетското друштво за интерна медицина, Египетското здружение за нефрологија и Египетското друштво за дијабетес.

Professor Inass Shaltout

Inass Shaltout graduated from faculty of Medicine, Cairo University. She got MSC and MD degree of Internal Medicine also from Cairo University. Spent all academic Career starting with residency, Assistant lecturer, Lecturer of Internal Medicine, Assistant professor and professor of Internal Medicine in faculty of Medicine, Cairo University. Her rich biography includes: Working science 2004 as a Professor of Internal Medicine and Diabetes, Cairo University; Chairman of Unit 4 Internal Medicine Department, Cairo University, since 2017; President of The Arabic Association for the Study of Diabetes and Metabolism; Member of the International Diabetes Federation; Honorary Tutor of Diabetes, Cardiff University; Member of European Association for the Study of Diabetes, Egyptian Society of Internal Medicine, Egyptian Society of Nephrology and Egyptian Society of Diabetes .

Дијабетес и постење

За време на светиот исламски месец, Рамазан, муслиманите мора да постат од зори до зајдисонце. Многу муслимани обично постат и во други прилики. како што се лунарните денови од секој месец и во некои други исламски денови. Храната и течностите може да се консумираат слободно во текот на ноќта, но забрането е во текот на денот, вклучувајќи ги тука и оралните лекови. Овој начин несомнено вклучува ненадејна и голема промена во распоредот на оброците во текот на денот. Коптските христијани не јадат месо, живина и млечни производи повеќе од 250 дена годишно. Постојат и други видови на верски постови кои

се специфични за Хиндусите, Евреите и Мормоните. Дополнително, проценето е дека повеќе од 140 милиони луѓе со дијабетес постат за време на Рамазан.

Ризиците од постот вклучуваат хипогликемија, хипергликемија, кетоацидоза, дехидратација и тромбоза. Луѓето со дијабетес обично треба да побараат од својот лекар информации дали можат да постат безбедно или не, врз основа на поделбата на 4 групи: со многу висок ризик, висок ризик, умерен или низок ризик. Овие 4 групи ќе бидат дискутирани во детали. Луѓето со дијабетес може да не ги послушаат лекарските совети, притоа изложувајќи се на ризик од многу сериозни компликации. Едукатијата во однос на Рамадан за пациентите може да доведе до минимизирање на овие ризици. Справување со постот за Рамазан кај луѓето со дијабетес вклучува насоки за внес на храна, чести мерења на гликемија и модификација на лекови за дијабетесот, вклучувајќи орални, инсулински и неинсулински антидијабетици со инекции. Ќе бидат разгледани детални модификации на лековите. Некои лекови се побезбедни за употреба за време на постот Рамазан.

Diabetes and fasting

During the holy Islamic month, Ramadan, Muslims must fast from dawn to sunset. Many Muslims usually fast other days like lunar days of each month and some Islamic occasions. Food and fluids may be consumed freely during the night, but forbidden during day time, including oral medication. This will involve a sudden and major change in the daily meals. The Coptic Christians fast from eating meat, poultry and dairy products more than 250 days per year. There are other types of religious fasting in Hindus, Jewish and Mormon. There is an estimate of more than 140 million people with diabetes fast during Ramadan.

The Risks of Fasting Include hypoglycemia, hyperglycemia, ketoacidosis, dehydration and thrombosis. Diabetics should usually ask their treating doctor whether they can fast safely or not according to 4 groups of very high risk, high, moderate or low risk quantification. Those 4 groups will be discussed in details. People with diabetes may not obey medical advice and they are at risk of many serious complications. Pre Ramadan patient education may lead to minimizing those risks. Management of fasting Ramadan in people with diabetes includes guidance of food intake, frequent SMBG and modification of antidiabetic medications including oral, insulin and injectable noninsulin antidiabetics. Detailed medication modifications will be discussed. Some medications are safer to use during fasting Ramadan.



Професор Маја Radman

Професор Маја Radman во моментов е шеф на Одделот за интерна медицина, во Универзитетската болница во Сплит, како и заменик директорот на Хрватското здружение за Ендокринолошка онкологија. Таа ја започнала својата академска кариера во 1998 година, кога добила титула магстер, а во 2010-та година ја одбранила својата докторска дисертација. Специјалист по ендокринологија и дијабетологијата е од 2007-ма година. Д-р Radman ја посетувала и Brookwood академијата во 1999 година, каде што добила надградба - Good Clinical Practice for Investigators Training in the field of Healthcare Research. Таа е автор на голем број на објавени научни статии и има учествувано во голем број на научни проекти и истражувања во полето на дијабетесот.

Professor Maja Radman

Professor Maja Radman is currently Head of the Department of Internal Medicine, at the University Hospital Centre in Split, as well as deputy Director of the Croatian Association for Endocrine oncology. She started her academic career in 1998 when she got her MS degree, and defended her PhD thesis in 2010. She became specialist of endocrinology and diabetology in 2007. She attended the Brookwood Academy in 1999, where she received a Good Clinical Practice for Investigators Training in the field of Healthcare Research. She is the author of a number of publicized scientific articles and has participated in a number of scientific projects and research on diabetes.

Придонес на карадиоваскуларните бенефити базирани на докази кон новиот начин на третман на тип 2 дијабетес мелитус

Дијабетес мелитус бара доживотно планирање и контролирање на животниот стил со висок степен на лична одговорност. Управувањето со начинот на живеење, вклучувајќи терапија со правилна исхрана, физичка активност, губење на тежината, советување за престанок на пушењето и психолошка поддршка, се фундаментални аспекти на грижата за дијабетесот. „Пациентот во центарот на третманот“ се дефинира како грижа која ги почитува и е скроена за да одговара на индивидуалните параметри на пациентот, неговите потреби и навики, притоа обезбедувајќи скроените индивидуални параметри да бидат главни во носењето на одлки за третманот. Атеросклеротичната кардиоваскуларна болест (ASCVD) е водечка причина за смрт кај луѓето со дијабетес тип 2. Дијабетесот дава значителен независен ризик за ASCVD, а повеќето луѓе со дијабетес тип 2 имаат дополнителни фактори на ризик како што се: хипертензија, дислипидемија, дебелина, физичка неактивност, хронична бубрежна болест (ХББ) и пушење.

Намалувањата во кардиоваскуларните настани (од атеросклеротично потекло) и смртта се видливи кога повеќе фактори на ризик од ASCVD се решаваат истовремено, со долгогодишни бенефити. ASCVD управување со ризикот е суштински дел од управувањето со дијабетесот. Проценката на клучните карактеристики на пациентот, како што се начин на живот, коморбидитети (ASCVD, хронична бубрежна болест, срцева слабост), клинички карактеристики (возраст, HbA_{1c}, тежина), психолошка состојба со културни и социо-економски можности, силно влијаат врз изборот на третман на пациенти со дијабетес. Потребата за идеална терапија кај пациенти со дијабетес и кардиоваскуларни фактори на ризик би била интервенција/лек што ги намалува кардиоваскуларните настани и смртноста и истовремено ја подобрува контролата на гликемијата. Новите докази ја поддржуваат употребата на одредени лекови врз основа на резултатите од кардиоваскуларните испитувања кои покажуваат значителни придобивки како инхибитори на SGLT2 и агонисти на рецепторите на GLP-1 со докажана кардиоваскуларна корист, како дел од менаџментот на гликемијата.

Contribution of evidence-based cardiovascular benefits to new management of type 2 diabetes melitus

Diabetes mellitus requires lifelong planning and controlling lifestyles with high degree of personal responsibility. Lifestyle management, including medical nutrition therapy, physical activity, weight loss, counseling for smoking cessation, and psychological support, are fundamental aspects of diabetes care. Patient-centered care is defined as care that is respectful of and responsive to individual patient preferences, needs, and values and ensuring that the patient values guide all clinical decisions. Atherosclerotic cardiovascular disease (ASCVD) is the leading cause of death in people with type 2 diabetes. Diabetes confers substantial independent ASCVD risk, and most people with type 2 diabetes have additional risk factors such as hypertension, dyslipidemia, obesity, physical inactivity, chronic kidney disease (CKD), and smoking. Reductions in ASCVD events and death are seen when multiple ASCVD risk factors are addressed simultaneously, with long-standing benefits. ASCVD risk management is an essential part of diabetes management. Assessing key patient characteristics such as lifestyle, comorbidities (ASCVD, chronic kidney disease, heart failure), clinical characteristics (age, HbA1c, weight), psychological state with cultural and socio-economic possibilities strongly influence the choice of treatment of patients with diabetes.



Д-р Andrew Behnke, Претседател на центарот за ендокринологија во Cumberland Valley, LLC

Д-р Behnke дипломирал на Државниот универзитет на Пенсилванија на Колеџот за медицина во 1987 година. Сега работи во Карлајл, Пенсилванија и е специјализист по ендокринологија, дијабетес и метаболизам. Д-р Behnke е член на повеќе комисии, тој учествувал во повеќе од 40 клинички студии и има објавено голем број на оригинални статии и рецензии. Неговата богата работна историја вклучува и функции како - Ассистент професор по медицина (USUHS) во Вашингтон; Интернист во MGMC Медицинскиот центар, USAF; Медицински директор на Дијабетес и ендокринологија центарот во Шарон. Д-р Behnke е и Фулбрајтов визитинг професор по медицина на Државниот универзитет за медицина во Кишињев, Молдавија. Од 2002 година тој е и претседател на Центарот за ендокринологија CUMBERLAND VALLEY, LLC (Carlisle, PA).

Andrew Behnke, President, Cumberland Valley Endocrinology Center, LLC

Dr. Behnke graduated from the Pennsylvania State University College of Medicine in 1987. He works in Carlisle, PA and specializes in Endocrinology, Diabetes & Metabolism. Dr. Behnke is a member of several committees, has been integral part of more than 40 Clinical studies and has published a number of original articles and reviews. His vast work history includes - Assistant Professor of Medicine (USUHS) in Washington, DC; Staff Internist at MGMC Medical Centar, USAF; Medical Director of the Diabetes and Endocrinology Center in Sharon, Pa; Fulbright Scholar Visiting Professor of Medicine at the State University of Medicine in Chisinau, Moldova. Since 2002 he is a President of the Cumberland Valley Endocrinology Center, LLC (Carlisle, PA).

Системи на затворен круг кај тип 1 – сензори наспроти пумпи

Предавањето за дијабетес пумпи и сензори е научен преглед на овие современи модалитети на третман со дијабетесот. Почнувајќи со краток историски преглед, публиката ќе биде водена во критичен и научен преглед на пријавените придобивки од двете инсулински пумпи (CGII) и континуирани глукозни монитори (CGM). Тековните достапни уреди ќе бидат разгледани. Доказите од научните студии ќе ги испитаат тврдењата за подобрена контрола на гликозата, хипогликемија и дози на инсулин. Предавањето ќе заврши со поглед на системите со затворен циклус и нивната потенцијална корист во управувањето со дијабетесот.

Closed loop systems in type 1 - sensors versus pumps?

The lecture on Diabetes Pumps and Sensors is a scientific review of these contemporary modalities of diabetes treatment. Beginning with a brief historical review, the audience will be guided in a critical and scholarly review of reported benefits of both Insulin pumps (CGII) and Continuous Glucose Monitors (CGM). Current available devices will be reviewed. Evidence from scientific studies will examine claims of improved glucose control, hypoglycemia, and Insulin doses. The lecture will conclude with a look at closed loop systems and their potential benefit in diabetes management.



СЕСИЈА 5 / SESSION 5

Професор д-р Azra Bureković, MD, PhD

Професор д-р Azra Bureković, работи на одделот за нуклеарна медицина и ендокринологија, при универзитетскиот клинички центар во Сараево (Босна и Херцеговина). Таа е специјалист по итна медицина, како и специјалист по интерна медицина - со супспецијализација по ендокринологијата и дијабетологијата. Во 2006-та година станала доктор на науки, а докторатот бил од областа на дијабетологијата. Проф. Azra Bureković во моментот е шеф на одделот за интензивна и пост-интензивна нега. Таа е и професор по интерна медицина на Универзитетот во Сараево. Активен член е на неколку домашни и меѓународни организации и има објавено голем број на оригинални статии. Во минатото, како и сега редовно учествува во клинички студии, а често е и поканет предавач на повеќе настани од областа на дијабетологијата.

Professor Azra Bureković

Prof. dr. Azra Bureković, works at the Department of Nuclear Medicine and Endocrinology, UKCS Sarajevo (Bosnia and Herzegovina). She is specialist of Emergency medicine, as well as specialist of internal medicine, with a subspecialty in endocrinology and diabetes. She has a PhD since 2006 in the area of diabetology. Prof. Bureković is currently the Head of Intensive and Post-intensive Care. In addition to this she is a Professor of Medicine at the University in Sarajevo. Prof. Bureković is a member of several national and international organizations and has published a number of original articles. She has been part of clinical studies and accepted many invited lectures in the area of diabetology.

Кој е одговорен за инерцијата во третманот на тип 2 дијабетесот?

Според литературата индексирана во MEDLINE, терминот „клиничка инерција“ првпат беше опишан од страна на Филипс во 2001 година. Тој изјавил дека „Ако докторот не ја започне или интензивира моменталната терапија, што е неопходно, тоа е состојба на клиничка инерција“. Сумирано, поимот клиничка инерција претставува важна теоретска конструкција, која се дефинира со недоволна и нецелосна употреба на ефективни методи на лекување (кои се дел од медицината базирана на докази), кои се ефективни во спречувањето на сериозни последици како што се предвремена смрт, миокарден инфаркт или мозочен удар. Дијабетесот и неговите доцни микро и макроваскуларни компликации значително го намалуваат квалитетот на животот и во многу случаи доведуваат до предвремена смрт. Студијата SOLVE спроведена во 10 земји, на три континенти, покажа дека и покрај добро документираните придобивки од навремено контролирање на гликемијата и постигнатиот консензус за терапија, кои заедно поттикнуваат претходна употреба на инсулин, постои значителна клиничка инерција во однос на започ-

нување на соодветна инсулинска терапија кај луѓе со тип 2 дијабетес мелитус. Американската асоцијација за дијабетес (АДА) даде нови препораки за дијабетес во 2019 година, кои целат кон построги цели на гликозираниот хемоглобин, како што е вредноста од 6,5%, за избрани лица - се разбира доколку оваа вредност може да се постигне без значителна хипогликемија или други негативни ефекти од третманот. Соодветни пациенти за оваа вредност може да бидат оние со кратко времетраење на дијабетес, тип 2 дијабетес третиран само со начин на живот или само со метформин, или немање значајни кардиоваскуларни заболувања. Помалку строгите цели за гликозираниот хемоглобин со вредност од 8,0%, може да бидат соодветни за пациенти со историја на тешки хипогликемији, ограничен животен век, напредни микроваскуларни или макроваскуларни компликации, екстензивни коморбидни состојби или долготраен дијабетес, кај кои целта е тешко да се постигне и покрај едукација за самоуправување со дијабетес, соодветно следење на гликозата и ефективни дози на повеќе агенси за намалување на гликозата, вклучувајќи и инсулин.

Who is responsible for inertia in the treatment of Type 2 diabetes?

According to the literature indexed in MEDLINE, “clinical inertia” was first described by Phillips in 2001. He stated that „If the doctor does not start or intensify the momentary therapy, which is necessary, it is a state of clinical inertia“. Summed up, the term Clinical inertia represents an important theoretical construct, which is defined by insufficient and incomplete use of effective methods of treatment (that are part of evidence based medicine) that are effective in the prevention of serious consequences such as premature death, myocardial infarction or stroke. Diabetes and his late micro and macrovascular complications significantly reduces the quality of life, and in many cases lead to premature death. The SOLVE study that was conducted in 10 countries, on three continents, showed that despite well-documented benefits of timely glycaemic control and consensus guidelines encouraging earlier use of insulin, considerable clinical inertia exists with respect to initiating appropriate insulin therapy in people with T2DM. The American Diabetes Association (ADA) made new recommendation for diabetes in 2019 that suggest more stringent A1C goals such as 6.5%, for selected individuals’ - if this can be achieved without significant hypoglycemia or other adverse effects of treatment. Appropriate patients might include those with short duration of diabetes, type 2 diabetes treated with lifestyle or metformin only, long life expectancy, or no significant cardiovascular disease. Less stringent A1C goals such as 8,0% may be appropriate for patients with a history of severe hypoglycemia, limited life expectancy, advanced microvascular or macrovascular complications, extensive comorbid conditions, or long-standing diabetes in whom the goal is difficult to achieve despite diabetes self-management education, appropriate glucose monitoring, and effective doses of multiple glucose-lowering agents including insulin.



Доцент Dario Rahelič

Dario Rahelič е доцент и раководител на Одделот за ендокринологија, дијабетес и метаболни нарушувања во Универзитетската болница Дубрава, Загреб, Хрватска, и е актуелен претседател на Хрватското здружение за дијабетес и метаболни нарушувања на Хрватското лекарско здружение. Тој исто така е член на Извршниот комитет на Студиската група за дијабетес и исхрана на ЕАСД, Хрватското здружение за ендокринологија, Хрватското здружение за дебелина и Хрватското друштво за ендокрина онкологија. Д-р Dario Rahelič има објавено неколку поглавја во национални и меѓународни книги, статии во научни списанија, а бил и поканет педавач на многу национални и меѓународни конференции. Неговите наставни ангажмани се на Медицинскиот факултет, Факултетот за прехранбена технологија и биотехнологија и Фармацевтскиот и биохемискиот факултет. Бил на усовршувања во болниците Свети Михаил во Торонто (Канада), Клиниката Мајо во Рочестер (САД) и Клиниката Мотол, Прага (Чешка). Д-р Рахелич е член на Американскиот колеџ за ендокринологија и на Кралскиот колеџ за лекари во Единбург. Добитник е на награди од Студиската група за дијабетес и исхрана на ЕАСД, од хрватското друштво за ендокрини болести и наградата Etzwiller Rising Star. Активностите на д-р Dario Rahelič се концентрираат на подобрениот пристап до модерен третман на дијабетес, подобрување на едукацијата на пациентот, вклучување во парламентарни и други дискусии за донесување одлуки, но главно за подобрување на квалитетот на животот на луѓето со дијабетес. Тој верува дека мотивирањето на луѓето со дијабетес да управуваат со нивната состојба е поефикасно отколку само да се зборува за можни компликации.

Assistant Professor Dario Rahelič

Dario Rahelič is an assistant professor and Head of Department of Endocrinology, Diabetes and Metabolic Disorders at Dubrava University Hospital, Zagreb, Croatia, and is the current President of the Croatian Society for Diabetes and Metabolic Disorders of the Croatian Medical Association. He also serves as Executive Committee member of the Diabetes and Nutrition Study Group of EASD, the Croatian Endocrine Society, the Croatian Society for Obesity and the Croatian Society for Endocrine Oncology. Dr. Rahelič has published several chapters in national and international books, articles in scientifc journals, and was invited speaker at many national and international conferences. His teaching engagements are at the Faculty of Medicine, the Faculty of Food Technology and Biotechnology and the Faculty of Pharmacy and Biochemistry. He was visiting scientist at St. Michael‘s Hospital in Toronto (Canada), Mayo Clinic in Rochester (USA) and Motol

Clinic, Prague (Czech Republic). Dr. Rahelič is a Fellow of the American College of Endocrinology and of the Royal College of Physicians of Edinburg. He received awards from the Diabetes and Nutrition Study Group of EASD, from the Croatian Endocrine Society, and the Etzwiller Rising Star Award. Dr Rahelič activities concentrate on improved access to modern diabetes treatment, improvement in patient education, involvement in parliamentary and other decision-making discussions, but mostly on improving the quality of life for people with diabetes. He believes that motivating people with diabetes to manage their condition is more effective than only talking about possible complications.

НАФЛД и дијабетес: промени во животниот стил и/или фармаколошки третман?

